Број: 11 - 760/1
Датум: 30.01.2026
Скопје

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр.23/25) , Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ, КРИТЕРИУМИИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД ДЕЈНОСТА СПОРТ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат условите, начинот, критериумите и постапката за распределување на еднократна парична помош од областа на спортот во остварување на јавниот интерес за дејноста спорт.

## СРЕДСТВА

**Член 2**

Средствата за доделување на еднократна парична помош од областа на спортот се утврдуваат во буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

## ЈАВЕН ОГЛАС

**Член 3**

Доделување на еднократна парична помош од областа на спортот се доделува по пат на јавен оглас кој го распишува комисијата.

**Член 4**

Оваа еднократна парична помош ќе биде наменета за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортско рекреативни програми кои не се опфатени со програмата за дејноста спорт за 2026 година на Општина Карпош.

## 1.1 ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКАТА РЕКРЕАЦИЈА

**Член 5**

Вкупната предвидена финансиска рамка која е обезбедена од буџетот на Општина Карпош за 2026 година е 500.000,00 денари

**Член 6**

Максималното доделување на еднократна парична помош од областа на спортот и спортската рекреација што комисијата може да ја предложи е до 30.000,00 денари.

**Член 7**

Доделување на еднократна парична помош од областа на спортот и спортската рекреација за спортисти, физички и правни лица се доделува еднаш годишно.

## ПРАВО НА УЧЕСТВО

**Член 8**

Доделување на еднократна парична помош од областа на спортот и спортската рекреација се доделува на спортисти, подршка за спортски настани и спортски рекреативци – граѓани кои живеат на територија на Општина Карпош.

**Член 9**

Исто така со оваа програма ќе се финансират и здруженија на граѓани регистрирани на територијата на Општина Карпош најмалку 3 (три) години, со основна дејност спорт и рекреација.

**Член 10**

Возраста на спортистот кој ќе побара финансиска помош мора да е најмалку 12 години (наполнети или што ќе полнат во годината кога е објавен јавниот повик) до 18 години (да немат наполнето 18 години во текот на целата годината кога е објавен јавниот оглас.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 11**

Поблиски критериуми и услови кои спортистот треба да ги исполни за распределување на средствата од годишната програма за остварување на јавниот интерес во дејноста спорт се:

(1) Спортистот да достави спортска легитимација дека е активен спортист, регистриран за клуб (најмалку три години) и континуирано учествувал во национален систем на натпревари.

(2) Спортистот да има официјално рангирање во националното спортско првенство (за индивидуални спортови) во последната натпреварувачката сезона.

(3) Спортските резултати на спортистот да бидат реализирани во натпреварување со најмалку пет клуба во националното првенство. Да се достави учество на клубовите и официјална табела од постигнатите резултати со време или бодови.

(4) Спортистот постигнатите спортски резултат, да ги потврди со официјален

документ издаден од страна на матичната национална спортска федерација.

(5) За спортисти од колективни спортови да достават доказ (копија од записник) дека во најмалку пет натпревари во натпреварувачката сезона го започнале натпреварот во почетната (стартната) постава во тимот за кој настапуваат.

(6) Спортист, физичко или правно лице на кое му биле одобрени и исплатени финансиски средства од Општина Карпош во претходната година, задолжително со барањето треба да достави извештај за активностите и финансов извештај со фискални сметки или фактури.

(7) Доколку спортистот има добиено спортска стипендија од Општина Карпош, барањето по основ на Доделување на еднократна парична помош од областа на спортот и спортската рекреација нема да се разгледува.

(8) Спортистот да достави детална програма за натпреварувачка сезона 2026 со покана за турнири, со дати на одржување на спортските настани, финансиска конструкција и друго или доколку веќе бил на меѓународен турнир - натпревар да достави финансиски сметки.

## ФИНАНСИСКА ПОДРШКА

### Член 12

Висината на доделените средства ќе се одобруваат во зависност од спортските резултати на спортистот на националните спортски првенства, дали истиот е репрезентативец со доказ за настап во репрезентација и индивидуални награди (писмена потврда од соодветната НСФ) во последната година од објавување на јавниот повик.

### Член 13

Комисијата сопственото убедување за финансиските средства на спортистите го определува на следниот начин:

- Од 20.000,00 денари до 30.000,00 денари ќе добијат спортисти кои имаат врвни постигнувања како национален првак, репрезентативец и постигнати индивидуални признанија за годината кога е објавен јавниот повик. Спортистот треба да приложи програма на спортски активности (натпревари) на кои ќе учествува или учествувал и за истите да приложи извештај. Доколку повеќе спортисти ја исполнуваат оваа категорија, ќе се пристапи кон вреднување на вкупните постигнати резултати и ќе се направи рангирање помеѓу спортистите од оваа категорија врз приложените постигнати резултати и на тој начин ќе се направи распределбата на средствата.

- Од 10.000,00 денари до 19.000,00 денари ќе добијат спортисти кои имаат второ место на национално првенство. Да приложат програма на спортски активности (натпревари) на кои ќе учествува или учествувал и

за истите да приложат извештај. Доколку повеќе спортисти ја исполнуваат оваа категорија, ќе се пристапи кон вреднување на вкупните постигнати резултати и ќе се направи рангирање помеѓу спортистите од оваа категорија врз приложените постигнати резултати и на тој начин ќе се направи распределбата на средствата..

- Од 3.000.00 денари до 9.000,00 денари ќе добијат спортисти кои имат издржана програма на спортски активности (натпревари) и истата да ја достават на кои се спортски натпревари ќе учествуваат или учествувале и за истите да приложат извештај.

- Доколку има повеќе барања на спортисти од една категорија, комисијата ги селектира по вредноста на постигнатите резултати и на тој начин ќе ја распределува висината на доделувањето на еднократната парична помош.

- Комисијата може да го одбие поднесеното барање доколку процени и оцени дека истото е неиздржано, несоодветно поднесено и од други причини.

- За проекти од областа на спортот, комисијата дава мислење за проектот дали е од јавен интерес и за висина на финансиската подршка без разлика на возраста на подносителот.

- Комисијата може да додели 30.000,00 денари на спортисти од општина Карпош, кои ќе учествуваат на Олимписки игри, Светско првенство и Европско првенство

**1.2. ДОДЕЛУВАЊЕ ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ**

**Член 14**

Вкупната предвидена финансиска рамка која е обезбедена од буџетот на Општина Карпош за 2026 година е 1.500.000,00 денари

**Член 15**

Паричната помош за спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош се доделува еднаш годишно.

**ПРАВО НА УЧЕСТВО И КРИТЕРИУМИ**

**Член 16**

Поблиски критериуми и услови за распределување на средствата од годишната програма за остварување на јавниот интерес во дејноста спорт, кои клубовите треба да ги исполнуваат се:

- Паричната помош се доделува на спортски клубови регистрирани на подрачјето

на Општина Карпош најмалку 3 (три) години.
- Клубови регистрирани со седиште во друга општина, а подружница во Општина Карпош нема да се разгледуваат и истите ќе се одбијат,
- Ранг на натпреварување на клубот и постигнат пласман - резултат на крај од последната завршена натпреварувачката сезона,
- Да поседуваат Потврда од матичната национална спортска федерација дека клубот има активно учество во системот на натпревари во 2026 година,
- Да имаат изработено годишна програма за работа и развој на клубот,
- Да имаат регистрирана, организирана и активна младинска спортска школа и нејзино активно учество во натпреварувањето, организирано од матичните национални спортски федерации,
- Да достават резултати - табела на сите млади селекции со кои располага клубот,
- Решение за регистрација на спортскиот клуб (Решение од Централен регистар не постар од 3 месеци),
- Клубот да се натпреварува во национално спортско првенство со најмалку 5 (пет) клуба и со најмалку две млади селекции.
- Навремено доставување извештаи за наменска искористеност на средствата доделени од Општина Карпош од претходната година.
- Најмалку еден лиценциран тренер.
- Учество на спортистите од клубот за национална репрезентација (доколку има).
- Доколку има да се приложи настап на клубот на официјални меѓународни натпревари.
-Решение за вршење дејност спорт од страна на Министерството за спорт.

**ФИНАНСИСКА ПОДРШКА**

**Член 17**

Висината на доделените средства ќе се одобруваат во зависност пред се од рангот на натпреварување на сениорскиот тим и и постигнат пласман - резултат на крај од последната завршена натпреварувачката сезона, а предност може да има и другите критериуми наведени во овој правилник. Постигнувањата на сениорските клубови на националните спортски првенства да бидат со званичен документ од националната спортска федерација.

## 1.3. СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ КОЈ РАБОТАТ СО МЛАДИ КАТЕГОРИИ

**Член18**

Вкупната предвидена финансиска рамка која е обезбедена од буџетот на Општина Карпош за 2026 година е 600.000,00 денари

**Член 19**

Паричната помош за спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош се доделува еднаш годишно.

## ПРАВО НА УЧЕСТВО И КРИТЕРИУМИ

**Член 20**

Поблиски критериуми и услови за распределување на средствата од годишната програма за остварување на јавниот интерес во дејноста спорт, кои клубовите треба да ги исполнуваат се:
- Спортски клубови регистрирани на подрачјето на Општина Карпош кој работат со млади категории најмалку 3 (три) години.
- Клубови регистрирани со седиште во друга општина, а подружница во Општина Карпош нема да се разгледуваат,
- Ранг на натпреварување на сите млади селекции на клубот,
- Постигнат пласман (доколку се води таква евиденција или доказ дека се натпреварувале во организиран систем на натпревари со вкупен број на одиграни натпревари),
- Резултати на крај од последната завршена натпреварувачката сезона,
- Да поседуваат Потврда од матичната национална спортска федерација дека клубот има активно учество во системот на натпревари во последните три години,
- Да имаат изработено годишна програма за работа и развој на клубот,
- Да имаат регистрирана, организирана и активна младинска спортска школа и нејзино активно учество во натпреварувањето, организирано од матичните национални спортски федерации (најмалку во две селекции),
- Да достават табела на сите млади селекции со кои располага клубот,
- Решение за регистрација на спортскиот клуб (Решение од Централен регистар не постар од 3 месеци),
- Клубот да се натпреварува во национално спортско првенство со најмалку 5 (пет) клуба и со најмалку две млади селекции.
- Навремено доставување извештаи за наменска искористеност на средствата доделени од Општина Карпош од претходната година.
- Најмалку еден лиценциран тренер.
- Учество на спортистите од клубот за национална репрезентација (доколку има).
- Доколку има да се приложи настап на клубот на меѓународни натпревари - турнири.
-Решение за вршење дејност спорт од страна на Министерството за спорт.

## ФИНАНСИСКА ПОДРШКА

**Член 21**

Висината на доделените средства ќе се одобруваат во зависност од бројот на активни млади селекции (најмалку две) кои се натпреваруваат во младите лиги и

нивен пласман на табела (доколку има), како и репрезентативци во младите категории.

## 1.4. СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРОЕКТИ ЗА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОПШТИНА КАРПОШ

**Член 22**

Вкупната предвидена финансиска рамка која е обезбедена од буџетот на Општина Карпош за 2026 година е 1.070.000,00 денари.

**Член 23**

Ова доделување на еднократна парична помош за финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош, ќе биде наменета за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортско рекреативни програми кои не се опфатени со програмата за дејноста спорт за 2026 година на Општина Карпош.

## ПРАВО НА УЧЕСТВО
## КРИТЕРИУМИ

**Член 24**

Поблиски критериуми и услови за распределување на средствата од годишната програма за остварување на јавниот интерес во дејноста спорт, кои треба да се исполнат се:

- Правните или физичките лица со адреса или седиште во друга општина, нема да се разгледуваат и истите ќе се одбијат,
- Правните или физичките лица да се со адреса или седиште во Општина Карпош
- Проектот да биде реализиран во Општина Карпош најдоцна до крајот на 2026 година,
- Да се наведе бројот на досегашните одржани проекти, каде се организирани и реализирани,
- Временска рамка на проектот,
- Проектите да бидат наменети за двата пола (женско - машко),
- Предност може да биде проекти кои до сега се реализирани во Општина Карпош или истите биле финансирани од општината
- Проектите треба да ги опфатат сите возрасни категории и лица со хендикеп
- Навремено доставување извештаи за наменска искористеност на средствата доделени од Општина Карпош од претходната година доколку истиот бил финансиран од општината.

## ФИНАНСИСКА ПОДРШКА

**Член 25**

Комисијата сопственото убедување за финансиските средства го определува на

следниот начин:
- до 150.000,00 денари, (викенд манифестации)
- од 150.001,00 денар до 200.000,00 денари, (финансиска надокнада за стручни лица)
- од 200.001,00 денар до 300.000,00 денари (доделување на финансиски награди или потребни финансии за изнајмување на спортски објект и стручни лица).

**СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ, ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА КАРПОШ КОИ УЧАТ ВО VIII И IX ОДДЕЛЕНИЕ**

**Член26**

Вкупната предвидена финансиска рамка која е обезбедена од буџетот на Општина Карпош за 2026 година е 1.000.000,00 денари

**Член 27**

Талентирани спортисти жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во учебната 2026/27**.**

**Член 28**

Доколку спортистите имаат добиено еднократна финансиска подршка од Општина Карпош, барањето за стипенди за талентирани спортисти нема да биде разгледувано и одобрено.

**Член 29**

Ќе се доделат осум месечни спортски стипендии.

**Член 30**

Стипендијата се доделува во две категории:

- Стипендија од прва категорија: освоено прво место на национално првенство (национален првак освоено индивидуално I место); награда за индивидуално постигнување национален рекорд, прогласен за најдобар играч, најдобар поентер или голгетер, талент и слично, репрезентативец на Македонија, да има учество на еден натпревар и да се наведе кога, каде и со кој противник бил натпреварот (да се достави копија од записник, билтен или друг доказ од натпреварот).
- Стипендија од втора категорија: освоено индивидуално II место на официјално национално првенство;
- Ќе се признаваат резултати само доколку на натпреварите учествувале три и повеќе клуба и да се наведат кој клубови учествувале во натпреварувањето и сите постигнати резултати да се потврдат со допис

од федерација, со записник или билтен од натпреварите.

**КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР**

**Член 31**

Комисијата ја формира Градоначалникот на Општина Карпош со решение.

**Член 32**

Комисијата е составена од вработени во општината.

**Член 33**

Комисијата ги врши следните работи и задачи:

- Комисијата ги прибира и разгледува пристигнатите предмети и врши проверка на доставената документација и да дава и подготвува предлог и мислење и истите да ги доставува до градоначалникот.

- Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови и средствата ги доделува по сопствено убедување.

**Член 34**

Градоначалникот има право да го прифати или измени предлогот од комисијата.

**Член 35**

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Сотир Лукровски**